# Другарче

Бр. 1



СЕПТЕМВРИ · 1951



Мили другарчиња!

Да се запознаеме Јас сум вашето ново другарче и секој месец од сега ќе се видуваме.

Јас ќе ви кажувам убави приказни и песнички, ќе ви донесувам цртежи и стрипови, а вие треба да ми пишувате за вашите игри, за учењето, за вашиот живот, да ми праќате ваши песни, цртежи и задачи кои јас ќе ги кажувам на сите пионери.

Чекајте ме секој месец!

Вашето ново

„Другарче"



# ПРВАЧЕ

Секој сега нека знае
дека прваче сум јас,
ѕвонче ѕвони, а јас брзам
брзам, брзам на прв час.

Збогум, Шарко, збогум, Мацо,
од сега сум ученик,
нови другари ко мене
имам многу в овој миг.

Таму в школо родно мило,
учител не' чека нас,
ѕвончето не' кани гласно
бргу сите на прв час.

Цане Андреевски





# Малиот добротвор

— Ци-ци-ци-ци! — во еден облачен и дожлив јулски ден цивкаа од некаде ластовички. Нивното тажно цивкање возбудено го слушна малиот Ристе, кој во дворот си ја ковеше количката. Го слушна уште еднаш гласот на ластовичките и не трепкајќи се загледа во правецот од каде што доагаше звукот. Ја остави количката и за миг се најде под куќната стреа. А таму, на



земјата, паднати од гнездото, се тркалаа пет сосем мали ластовичиња.

"Како да им помогнам?!" — си помисли Ристе. А уште повеќе се нажали кога ја виде ластовицата, нивната мајка, како облетува околу нив.

— Циу-ци, циу-ци! — тажно пискаше таа, гледајќи ги своите ластовички паднати од урнатото гнездо на земја. Таа се вртеше околу нив, леткаше низ дворот, под таванот и пак се вракаше кај нив. А малце подалеку од ластовичките, стариот мачор неосетно се доближуваше. Требаше уште да стрчне и да ги фати. Ристе се приближи и внимателно ги зеде сите ластовички и влезе дома. Оттаму излезе со кошниче в рака, а во кошничето беа собрани ластовичките. Потоа со алатот што ја правеше количката и со неколку штички направи на ѕидот нешто слично како гнездо. Внатре стави и пердуви. Ги стави ластовичките во новото гнездо и застана понастрана да гледа кога ќе долета загрижената нивна мајка и дали ќе ги пронајде. Тој се надеваше дека таа бргу ќе дој

де и лесно ќе ги пронајде.

— Циу-ци, циу-ци, циу-ци! — се слушна глас од зад куката.

— Ци-ци-ци-ци! — се озваа сите пет ластовички од своето ново седало.



Тогаш долета ластовицата. Ги бараше своите деца на земјата и леткаше наоколу.

"Ќе ги најде ли сега?" —со страв помисли Ристе.

Кога влезе мајка им при нив, малите ластовички повесело зацивкаа. Ристе, застанат на неколку чекори од гнездото радосно ги гледаше. Брзо отрча в одаата и им раскажа на деда си и баба си. Застанати на ќуќниот праг, сите тројца гледаа како ластовицата излетуваше и долетуваше и грижливо ги хранеше своите деца.

Од ден на ден малите ластовички се' повеќе растеа. По некое време почнаа по малку да летаат, ама уште не одеа подалеку од широкиот двор. А Ристе секој ден ги надгледуваше своите ластовички и им се радуваше. Тие почнаа веќе убаво и на подолго време да летаат. Мајка им веќе не им носеше бубачки и муви во клунот. Таа одеше со нив и ги учеше како поитро да ги фаќаат бубачките.

Но еден ден Ристе се зачуди кога го виде гнездото празно. Дедо му се доближи до него, нежно го погали и почна да му расправа и да му раскажува, да му раскажува за птиците што се селат во топлите краишта и пак се враќаат на своите стари места.

Ристе се загледа во небото и како да ги гледаше своите ластовички тивко изговори:

— Среќно да стасате и пак да ни се вратите.

Љубиша НИЧКОВИЌ



# „Работна" невеста



МОМЧЕ НЕВЕСТА ФАЛЕШЕ:
"ИМАМ НЕВЕСТА РАБОТНА,
НА ДЕН СИ МИШКА ТЕГНЕШЕ,
В НЕДЕЛА КАДЕЛА ВРЕТЕНЦЕ
И ВО МЕСЕЦОТ ПАСМЕНЦЕ,
ВО ГОДИНАТА ПЛАТНЕНЦЕ.
ТАМ' КАЈ НЕВЕСТА ПРЕДЕШЕ,
ТЕШКА ЈА ДРЕМКА НАПАДНА,
ПРИЛЕГНА МАЛЦЕ И ЗАСПА.
БАПНАЛА ФУРКА В ПЕПЕЛТА.
ПУСТАТА ФУРКА ДРЕНОВА,
ДУР' СЕ НЕВЕСТА РАЗБУДИ
ПУСТА МИ ФУРКА НИКНАЛА
РОДИЛА ДРЕНКИ ЗРЕАНИ.
КОГА СЕ ТАА РАЗБУДИ,
ЗРЕЛИ СЕ ДРЕНКИ НАЗОБА."

Забележила: Вера Битракова,
Iа клас, Полна гимназија
Охрид

# Лав и мечка

Тргнале еднаш  и  низ една  да бараат нешто за јадење. Догледале едно дебело   од едната,  од другата страна, го заобиколиле и лесно го фатиле и го убиле. — Како да го поделат? И   биле многу гладни и им се чинело дека половината ќе им биде малце. И затоа и   сакаа да го добијат целото  Почнале да се тепаат околу  додека не паднале изнемогнати. — Гледајќи ги како попаѓале  се доближила до убиеното  и си го одвлекла, а  и  останале без ништо.

# ДЕЛБА

Се фатиле пријатели еден волк и една лисица и тргнале заедно на лов. Оделе, скитале низ горатa, но ништо не фатиле. Кога видела лисицата дека ништо не можат да уловат, му рекла на волкот:



— Ајде, куме, да одиме на лов в поле. Можеби таму ќе ни проработи касметот. Ако и таму не' стемни гладни, ќе влеземе нок'еска во некое село и ќе фатиме коковчиња.

Се согласил волкот и слегнале во полето. Гледаат, еден селанец ора на нивата. Торбата со леб му била оставена покрај патот. Лисицата полека се доближила до торбата и ја дигнала. Се екриле со волкот зад една капина и ја одврзале торбата. Волкот го извадил лебот и сакал да го изеде. Се налутила лисицата и му го грабнала од устата.

— Не бива така — рекла таа. — Јас да го крадам, а ти да го јадеш! Не е право! Треба да си го поделиме по токму.

— Дај јас да го разделам! — се озабил волкот, го зграбил лебот, и' скршил на лисицата едно коматче, а за себе си го оставил сиот.

— Мене ми се пага поголемо парче — повикала лисицата. — Јас го украдов лебот! Дај јас да го разделам.

Скршила лисицата едно мало парченце, му го дала на волкот, а за неа си ја оставила целата погача. Се разлутил волкот и затраскал со големите заби. И лисицата се озаби-

ла и почнале да се карат. Во то [illegible] е минувала покрај капината една камила.

— Зошто се карате? — ги прашала таа двајцата ортаци.

Волкот се поплакал од лисицата, а лисицата од него. И затоа што не можеле да се погодат, ја замолиле камилата да им биде судија.

— Добро — рекла камилата, — само и мене ќе ми дадете дел. Ајде, кума Лисо, подели го лебот на три еднакви дела.

Лисицата го раскршила лебот на три дела, ама пак си го оставила за себе најголемото парче. Тогаш камилата го натерала волкот да го раздели лебот. Волкот делел, делел, за него си оставил најмногу.

— И двајцата не делите право — рекла камилата. — Дајте јас да го делам.

Го лапнала камилата сиот леб, ја дигнала високо главата и почнала спокојно да си јаде.

Разбрале волкот и лисицата дека камилата ги изиграла, ама не можеле ништо да и' сторат, зашто таа била посилна од нив. И за да не останат без ништо, почнале да ги собираат ронките што паѓале на земјата.

Си се најала убаво камилата, а волкот и лисицата ги свиткале опашките и си отишле гладни.

Народна приказна



# КОЈА Е ОВАА птица?



Оваа птица, чиј цртеж ви го даваме, живее по цела Европа, повеќе во шумските предели. Доста успешно ги имитира гласовите на другите птици, особено на птиците пеачки. Тие и' се одзиваат и таа така ги изнаоѓа нивните седала.

Оваа птица се гнезди високо на дрвјата. Се храни со различни сочни плодови и со желади, коишто ги собира и за зима. Исто така јаде инсекти, дури и помали животинки. Може да се припитомува.

Дали знаете како се вика оваа птица, која припаѓа кон фамилијата на гавраните?

(Сојка)

# Кои народи јадат скачки?



Скачки варени во мед јадат жителите на Алжир и другите краеви од Северна Африка. Многу арапски племиња собираат скачки, ги сушат и после ги мешаат со млеко од камила и со урми.

# СЛОНОТ не пие вода со сурлата



Слонот не ја пие водата со сурлата. Тој најпрвин ќе ја шмркне водата во сурлата, па потоа ќе си ја ушприца во устата. Со едно ушмркавање може да земе осум до десет литра вода. Покрај тоа сурлата му служи на слонот и за дофаќање храна, за подигање предмети од земјата. Меѓутоа, мајчиното млеко слончето не го цица со сурлата, ами со устата.

# Еден убав цртеж



Земете ги своите дрвени боици и направете го ова:

Сите полиња во горниот цртеж што се одбележени со 0 оставете ги и понатака бели, како што си се. Полињата одбележени со 1 треба да ги обоите со кафена боја, оние со 2 со сино-зелена, 3 со зелена, 4 со отворено сина, 5 со сина и 6 со затворено сина боја.

И што ќе добиете?

Се надеваме дека со оваа слика во бои ќе бидите не само изненадени, ами и многу задоволни.

# Прва задача

Од челото пот му лие
тивко, само тивко,
над задача прва, тешка,
замислен е Живко.

Стиска раце, брчка чело
мрда лево, десно,
прва задача е тоа
та не е ни лесно.

Моливот е првокласен,
гума сосем нова,
пише, брише, едвај реди
искривени слова.

Покрај него сал се вртка
кученцето Сивко
Тетка Мара му се кара:
"Тивко, тивко, тивко".

Глигор Поповски



# За нашите цртачи

## ГЛУВЧЕ и ПАТЧЕ за најмалите





## ...И КАЈАЧЕ И ЛОКОМОТИВА за поголемите





# РЕБУС




(Другарче)

## Што е тоа магичен квадрат?

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

Често пати во вашите списанија и весници сретнувате задачи што го носат името магичен квадрат или магична фигура. Тоа се цртежи во вид на квадрат разделени на помали квадрати (полиња). Тие полиња се пополнуваат со цифри или букви, спрема тоа каква е задачата. Ако поставената задача правилно се реши тогаш полињата одбележени со 1,2 и 3 даваат еднаков резултат или збор и од лево надесно (водорамно) и од горе до долу (право).

Таков е случајот и со нашиот магичен квадрат. Деветте празни полиња на горниот цртеж треба да се пополнат со броевите од 1 до 9 и збирот во секој ред, и водорамно и право, да биде 15. Погледајте на долниот квадрат како треба да се поставаат броевите во празните полиња. Ви напомнуваме дека може уште на неколку разни начини да се добие истиот резултат, само што секогаш бројката 5 треба да биде во средното поле. Обидете се уште колку точни решенија ќе пронајдете и пратете ни ги нас.

Во идниот број ќе ви донесеме магичен квадрат со букви.

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 6 | 1 | 8 |
| 2 | 7 | 5 | 3 |
| 3 | 2 | 9 | 4 |


Радосниот одмор
НА НАЈМАЛИТЕ

# ПОРАДИ ЕДНА ШЕГА ГРБОТ ГО БОЛИ СЕГА



1

ГО ГЛЕДАТЕ ИЦКО НЕЛИ,
НАСМЕАН Е СЕГА
ОГЛЕДАЛО В РАЦЕ ДРЖИ
ПА САМО СЕ ГЛЕДА.



2

МУ ТЕКНАЛО И ЈАРЕТО
ВАКА ДА ГО УЧИ,
А НЕ МИСЛИ ШТО ОД ТОА
МОЖЕ ДА СЕ СЛУЧИ.



3

КАЈ ВИДЕЛО ОГЛЕДАЛО
ТОА ЈАРЕ ЛУДО?
СЕ ИСТРЧА И ЗА МИНУТ
ТИ НАПРАВИ ЧУДО.



4

ПОСЛЕ ТОА СЕ' Е ЈАСНО,
ГРБ ГО БОЛИ ИЦКА,
А ЈАРЕТО СРЕК'НО, СРЕК'НО
ЈАБОЛЧИЊА ГРИЦКА.

Г. П.

Издавачко претпријатие "Детска радост". Уредници Славчо Темков и Љубица Ничковиќ. Редакција ул. Партизанска (нови административни згради). Тел. 2668. Чек. сметка 801 — 901452. Печатница "Гоце Делчев" — III — Скопје.